Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата
и животот во локалната заедница

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

# 2019 - 2022

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Проектот е спроведуван од
Рурална Коалиција и
ПОЛИМАТ 13

Издавач:
Рурална Коалиција – Куманово
С. Режановце
1300 Куманово
rkoalicija@gmail.com
www.rural.mk

Здружение за развој, едукација и еколошка етика – ПОЛИМАТ 13
Ул. Маршал Тито бр. 64
1484 Богданци
Info.polymath13@gmail.com
www.polymath13.mk

Проектот „Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница“, спроведуван од Рурална Коалиција во партнерство со ПОЛИМАТ 13, како подгрантисти наФондација за поврзување на природни вредности и луѓе, Мрежа за рурален развој на РМ и Акција за рурален развојво рамки на проектот „Национален рурален парламент како глас на руралното население“ финансиран од Европската Унија преку Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија во рамките на програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2015.

Оваа стратегија е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на стратегијата е единствена одговорност на Рурална Коалиција и ПОЛИМАТ 13 и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

ПОЛИМАТ 13
POLYMATH 13

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

ЈАНУАРИ 2019

Содржина


1. Вовед ........ 5
2. Општи податоци за општината ........ 7
3. Принципи и вредности ........ 9
4. Анализа на капацитетите на општината ........ 12
5. Стратегиско планирање ........ 16

# 1.Вовед

Креирањето и одржувањето на институционалните механизми засоработка на граѓаните со државните и локални органи и тела, особено во процесите на креирање на локалните политики, ја дава основатана партиципативната демократија. Вклучувањето на локалното население во креирањето на локалните политики подразбира и негово мобилизирањеи создавање услови за изразување на различните мислења и интереси.

Општина Кривогаштани во целост ги препознава важноста и улогата награѓанскиот сектор, но и на месните заедници со оглед на тоа што станува збор за рурална општина во развојот на демократските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата.Тргнувајќи од овие факти, општина Кривогаштани ја даде својата максимална поддршка и активно се вклучи во процесот на креирање на првата стратегија за соработка со граѓанските организации и месните заедници, а благодарение на проектот "Руралните општини и жителите взаемно ја градат довербата и животот во локалната заедница", кој што го имплементира Рурална Коалиција во партнерство со ПОЛИМАТ 13, суб-грантиранод"Фондација за Поврзување на природни вредности и луѓе" (Connecting Natural Values & People Foundation, ЦНВП) финансиран од Европската Унија преку Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија во рамките на програмата ИПА - Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2015.

Резултат исто така на ваквата заложба е и националниот документ „Стратегија на Владата на Република Северна Македонијаза соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020", кој се однесува на соработката со здруженијата и фондациите, како дел одпоширокиот граѓански сектор, и има за цел да обезбеди инклузивенпроцес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирањена развојните активности и иницијативи како на национално, така и на локално ниво, а се со цел, меѓудругото да се создадат предуслови за креирање на ефикасни партнерства.

Стратегијата на Општина Кривогаштани за соработка со граѓанскиот сектор и месните заедници е подготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на граѓанските

организации, локалното население, месната заедница и општинската администрација во периодот септември 2018 - јануари 2019 година.

Создавањето квалитетни предуслови, посветеноста на највисоките општински раководни структури и мотивираноста на засегнатите страни за учество во процесот се главните фактори за успешно стратешко планирање. Во оваа насока беше обезбеден еден сеопфатен посветен пристап и активно учество на членовите на Советот, општинската администрација, локалните граѓански организации, месните заедници и локалното население во процесот на креирање на стратегијата. Имено, процесот на креирање на стратегијата најпрво беше проследен со мапирање и анализа на постојната состојба на терен при што беа изработени три вида на прашалници и тоа: 1) за општината и општинската администрација; 2) за локалните граѓански организации; 3) за месните заедници. Во рамките на процесот на истражување беа утврдени и приоритетните области во кои што на засегнатите страни им е потребно надоградување на знаењата, па во таа насока се организираа 3 обуки и тоа: 1. Обука за проектен циклус на која што беа разјаснети сите фази и сегменти кои што се потребни да се имаат во предвид при креирањето и имплементацијата на проектите; 2. Обука за мониторинг на јавни политики каде што пак засегнатите страни ги надоградија своите знаења во методите и алатките кои што може да се користат при набљудувањето и мониторингот на процесите на креирање и имплементација на политиките и одлуките кои што се носат од страна на локалната власт, како и да се следи какво влијание предизвикуваат истите кај локалното население; 3. Дводневна обука за стратешко планирање која што имаше за цел да ги внесе учесниците во процесот на стратешко планирање, а кој што потоа ќе треба и самите да го спроведат и како резултат на тоа да се изработи стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор и месните заедници.

Во процесот наизработка на Стратегијата беа земени предвид сите постојни стратешки документи на локално, регионално и на национално ниво.Процесот продолжи со организација на два граѓански форуми, со целда се обезбеди отворена дебата и усогласување на политиките ипредложените стратешки приоритети и мерки, како и да се зголеми чувството на сопственост во однос на изготвената стратегијаи да се зголеми фокусираноста и одговорноста во процесот нанејзината имплементација.

# 2.Општи податоци за општината

Општина Кривогаштани се наоѓа во срцето на Пелагониската котлина, опкружена со градовите Битола, Прилеп и Крушево. Општината има 11 населени места плус Кривогаштани каде што е и седиштето на општината. Во општина Кривогаштани се наоѓаат селата: Бела Црква, Боротино, Воѓани, Врбјани, Годивје, Кореница, Кривогаштани, Крушеани, Мирче Ацев, Обршани, Пашино Рувци, Подвис и Славеј.




Вкупниот број на население изнесува 6.150 жители од кои 95% главно се занимаваат со земјоделие, производство на зеленчук како: кромид, компир, пиперка, тутун и житарици.

Компаративна предност на општина Кривогаштани

Во Кривогаштани се наоѓа еден од најголемите сточни пазари во Северна Македонија.

Општината има своја индустриска зона како и слободно земјоделско земјиште кое може да се користи и обработува од потенцијални инвеститори. Големиот број на верски објекти, пред се православни христијански цркви, се туристичка дестинација за многу добронамерници. Почвата овде е погодна за одгледување на коноп за потребите на текстилната индустрија. Во минатото на територијата на општина Кривогаштани биле одгледувани големи површини на коноп за производство на конопни влакна.

**Општина Кривогаштани – Општи податоци**

| |
|---|
| **ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**<br>**ул. „Филип Втори“ бр.84, Кривогаштани**<br>**+389 48 471 280**<br>**+389 48 471 471**<br>**opstina_krivogastani@yahoo.com**<br>**www.krivogastani.com** |

| | |
|---|---|
| Координати | * Географска ширина – 41o33’ N<br>* Географска должина – 21o33’ E |
| Површина | * 93,57 км2 |
| Повикувачки кодови | * Меѓународен код:++389(Р. Северна Македонија)<br>* Национален код: 047<br>* Поштенски код: 7000 |
| Популација | * 6.150 жители (Попис 2002)<br>* 5.663 жители (Проценето според Државен завод за статистика, заклучно со 31.12.2014) |
| Полова структура | * Жени – 47,4%<br>* Мажи – 52,6% |
| Број на невработени лица (АВРМ, декември 2015 ) | * 434 |
| Основни училишта | * ОУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани<br>* ОУ „Јонче Смугрески“ – Обршани |
| Постоечки банки (филијали) | * ТТК банка АД Скопје |
| Осигурителни компании | * Албсиг АД Скопје<br>* Осигурување Македонија АД Скопје – Виена Иншуренс Груп |
| Број на активни деловни субјекти | * 101 (Државен завод за статистика, заклучно со 31.12.2014) |
| Приоритетни сектори / индустрии во општината | * Земјоделство (Производство на пиперка, тутун, кромид, компир, пченица, пченка) |
| Расположливи ресурси во општината | * Висок квалитет на произведени земјоделски производи, пиперка, кромид, компир, тутун и житни култури<br>* Голем број на Цркви како можна туристичка дестинација |
| Контакт за потенцијални инвеститори | * Сашо Цуцулоски<br>Тел.: 078-308-714<br>E-mail: s.cuculoski@gmail.com |

# 3.Принципи и вредности

Во процесот на реализација на стратешките цели и приоритети општината Кривогаштани и граѓанските организации ќе ги почитуваат следниве принципи и вредности:

**Еднаквост**:при имплементирањето на стратегијата на општина Кривогаштани ќе има подеднаков однос кон сите граѓани инивните здруженија, без разлика на нивната етничка, верска,полова, возрасна или друга припадност;

**Транспарентност**: Општина Кривогаштани промовира високо нивона јавност на информациите со кои располага,услугите кои сенудат, процедурите според кои се извршуваат и критериумитеспоред кои истите се обезбедуваат;

**Партнерство**:при имплементацијата на стратешките приоритети Општина Кривогаштани ќе гради партнерства со преостанатиот јавен и приватен бизниссектор, како и информирање и вклучување назасегнатите страни.

**Заемна доверба:** во развојот и спроведувањето на политиките и активностите, улогите на општината и граѓанскиот сектор, како и месните заедници се комплементарни. Нивните заеднички цели ќе бидат најефикасно остварени доколку се утврдени и спроведени врз основа на заемна доверба за целта што треба да се постигне и начинот како да се направи тоа. Содржината на ова начело ја определуваат две компоненти: совесност и јавен интерес.

**Отчетност:**отчет за работењето на локалните власти (Градоначалник, Совет и администрација), за тоа што е, но и што не е реализирано во рамките на предвидените општински програми,со детални финансиски извештаи за реализираните програми,проекти, мерки и активности.

**Партиципативност:** Општината овозможува вклучување на локалната заедница преку граѓанските организации и месните заедници во креирањето на политиките со цел да бидат интегрирани интересите и предлозите на локалните жители во процесите на одлучување и спроведување. Граѓанскиот сектор, пак, со своите капацитети и ресурси придонесува кон донесување поквалитетни решенија за доброто на заедницата. Тој ги претставува различните вредности и интереси на граѓаните, преку него граѓаните добиваат информации и го изразуваат своето мислење за предложените мерки на општината.

**Иновативност:**Општина Кривогаштани постојано ќе бара спонтани и системски постапки за воведување нови начини запоефикасно, поефективно и поквалитетно извршување нацелите и приоритетите поставени во стратегијата.

## Локална самоуправа

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**РУБИНЧО ШЕФТЕРОСКИ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

**1.Ликоски Пеце 075/352-882; 070/599-505**

**ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

2. Кирил Нешкоски 078/352-230 kiril_neskoski@yahoo.com

3. Мартина Ристеска 076/870-997 risteska.martina@yahoo.com

4. Јане Мојаноски 070/973-944 /

5. Весна Најдоска 077/640-973 /

6. Горан Николоски 076/461-593 /

7. Катерина Паскоска 075/574-166 kate_paskoska@hotmail.com

8. Зоран Кочоски 077/650-341 kocoskizoran@gmail.com

9. Александар Богданоски 078/322-005 aleksandar.bogdanoski@gmail.com

10. Даниел Граороски 075/276-624

11. Николина Чагароска 076/941-462 nikolina1221@hotmail.com

**МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ**

Во Општина Кривогаштани има 12 месни заедници каде граѓаните во општината ги основаат облиците на месната самоуправа заради остварување на уставното право на месна самоуправа, како облик на изразување на нивниот заеднички интерес и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на

подрачјето на кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа.

Облиците во месната самоуправа работат во рамките на правата утврдени со Статутот на општина Кривогаштани и Правилата за работа на облиците на месната самоуправа на општина Кривогаштани. Облиците на месната самоуправа меѓусебно соработуваат заради остварување на нивните заеднички интереси. Облиците на месната самоуправа разгледуваат, заземаат и утврдуваат ставови за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите.

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа;

- Избираат Совет и други тела на обликот на месната самоуправа

- Граѓаните преку облиците на месната самоуправа се грижат за: – решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветната месна самоуправа, -одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, домови на култура, спортски објекти и др.) -заштита на животна средина, -уредување и одржување на гробишта во селските населени места -поведување иницијатива за уредување на просторот, -јавен превоз на патишта, -образование, здравство, социјална заштита, -културни, забавни и спортски и други манифестации, -развивање на добрососедски односи, -снабдување со стоки и услуги, како и заштита на потрошувачите и -други прашања од секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

**Месни заедници во Општина Кривогаштани**: Пашино Рувци, Боротино, Обршани, Крушеани, Бела Црква, Кривогаштани, Славеј, Годивље, Кореница, Врбјани, Воѓани и Подвис.

# 6.Анализа на капацитетите на општината

**Силни страни:**

Општина Кривогаштани е лесно достапна општина која што се наоѓа во Пелагонискиот регион, распространета на не многу голема површина, што пак дава можност за поблиска соработка помеѓу месните заедници, а и граѓанските организации на локално ниво, но и соработка и достапност на самата општина и локалната самоуправа. Самата општина е веќе дел од Локалната Акциска Група АгроЛидер што исто така докажува за отвореноста и посветеноста на општината во подобрувањето и унапредуваањето на квалитетот на живот во локалната заедница со вклучување на сите засегнати страни во општината.

Исто така, општина Кривогаштани е една од ретките општини која што во рамките на одделението за локален економски развој и комунални дејности има и посебен дел, односно соработник во општината кој што е задолжен за локален економски развој и ПАРТНЕРСТВО. Кон тоа може да се придодадеи лесно достапната веб страница на општината на која што може да се најдат информации дури и на граѓанските организации, месните заедници и нивните заложби и активности, па опшштината тук се јавува во вид на промотор на активностите на локалната заедница.

Општината редовно секоја година во рамките на својот буџет и во рамките на своите можности ги поддржува локалните спортски и традиционални манифестации, а учествува редовно и во размената на делегации и учесници во различни проекти во рамките на ЛАГ-от, од каде што пак го има добиено и дел од искуството во соработката со граѓанскиот и локалниот бизнис сектор, а и самите проекти кои што општината ги работи за подобрување на квалитетот на живот произлегуваат од потребите на самите месни заедници, од граѓанските иницијативи на локалните ГО, а остварува и билатерални врски и релации со невладини организации и општини и надвор од границите на државата. Соработката во однос на проектното работење и информациите поврзани со неа лесно достапни се и на веб страницата на општината, така да што се однесува барем во тој дел се запазува принципот на транспарентност и отчетност.

Општина Кривогаштани е една од првите општини која што повторно преку соработка со локалниот граѓански сектор има изработено Стратегија за справување со климатските промени на локално ниво.

**Слаби страни:**

Кога се говори пак за слабите страни на општината она со што како предизвик се соочува истата е лошата инфраструктура, слаба водоводна и канализациона мрежа, неасфалтирани патишта, па дури за жал на

територијата на општина Кривогаштани се наоѓа и едно од последните основни училишта во руралните средини кое што нема тоалети во рамките на самото училиште туку се надвор од него. Дополнителен предизвик е и намалувањето на бројот на населението на локално ниво, па иако во согласно пописот од 2002 година во општината живеат 6.150 жители сепак реалната слика на терен говори дека и тој број е далеку помал поради изразената миграција со која што се соочува општината. Со тоа е поврзан и падот на нателитетот во општината, како и одливот на кадри од истата.

Како и речиси секоја останата општина има потреба од дополнителни финансии во буџетот бидејќи станува збор за мала општина каде што населението има слаба финансиска моќ, па многу потешко се прибираат средствата кои што и следуваат на општината од даноци, сметки итн. Невработеноста исто така е предизвик со кој што секојдневно се соочува локалното население иако најголемиот дел од нив сепак се земјоделци, па самите успеваат да си обезбедат приходи за себе и своето семејство. Но, она што недостига кога говориме за земјоделството е потребата од едукација, примена на нови методи и технологии, иновативни техники, а тука би се додал и слабиот проток на информации кога станува збор за можностите и средствата кои што им стојат на располагање на земјоделците независно дали станува збор за средства од националните програми или пак за средства од ЕУ фондовите, конкретно од ИПАРД. Ваквата едукација на населението недостасува и во останатите области како што се социјална и здравствена заштита, осигурување, права на граѓаните итн.

Речиси и како сите останати рурални општини и Кривогаштани се соочува со недоволна застапеност на филијали на банки, осигурителни компании, подрачни едници на институциите, па жителите често пати се приморани да патуваат до Прилеп за да ги остварат своите права, да се информираат и да ги добијат услугите кои што им се потребни.

Една од основните причини зошто на општината и е потребна ваквата стратегија е можноста на еден структуриран и точно определен начин да ја поттикне про-активноста на жителите, да ја врати улогата на месните заедници која што ја имаа во минатото и на таков начин да се овозможи да решенијата доаѓаат во најголем дел од страна на оние кои што секојдневно се соочуваат со проблемите и предизвиците, односно самите граѓани како жители на општината бидејќи токму тие најдобро ги знаат и проблемите на општината, но и решенијата на истите.

**Можности:**

Кога говориме пак за можностите за развој на граѓанскиот сектор, поволна и овозможувачка околина е создадена со донесувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 која што на национално ниво ги поставува контурите за развој на граѓанскиот

сектор, а тука би се споменала и законската обврска на општините да издвојуваат средства од сопствениот буџет со кој што ќе ги поддржуваат активностите на граѓанските организации, што пак општина Кривогаштани во рамките на своите можности и го почитува онолку колку што може и колку што дозволува буџетот на општината.

Како можности се земаат во предвид и потребата од постоење на развиен граѓански сектор и активни месни заедници поради причините објаснети погоре, а и заради поттикнување на локалниот економски развој на општината. Тука како можност секако дека се јавува и социјалната инклузија на целокупното локално население, но осо фокус на младите и жените бидејќи истите се доведени и до маргинализирана група со оглед на условите во кои што живеат (барем оние што останаа од нив), а секако дека ваквата социјална инклузија ќе биде и еден од начините да се задржат младите во општината, а жените да имаат квалитетен социјален живот во истата.

Партнерствата од секој вид било да станува збор за граѓански организации или збратимувањата со општини од други држави или региони во рамките на државата секако дека е можност за унпаредување на квалитетот на животот во локалната заедница во секој негов домен. Како можност тука се поставува и воспоставувањето и основањето на Локален Економски Совет на општина Кривогаштани.

**Закани:**

Она пак што и се заканува на општината, како и на најголемиот број на рурални општини во Северна Македонија е масовното иселување, не само на младите туку и на цели семејства, а пак од друга страна населението и нема доволно едукација ниту пак информации што се им е ставено на располагање, односно кои се нивните права како и методи и алатки како да се вклучат во донесувањето на одлуки на локално ниво. Нема доволно средства кои што се исклучиво наменети за унапредување на развојот во руралните општини иако Северна Македонија се смета за рурална и аграрна земја, а често пати информациите до општините, па и до населението воопшто од национално ниво стигнуваат со задоцнување што исто така се смета за закана.

| <u>СИЛНИ СТРАНИ</u><br><br>-Лесно достапна и не голема површина на општината што дава можност за соработка помеѓу месните заедници<br>- Дел од ЛАГ<br>- Постоење на посебен сектор за локален економски развој и ПАРТНЕРСТВО<br>-Искуство во изработка на проекти<br>-Комуникативна и лесно достапна веб страна<br>-Поддршка на традиционални спортски и културни манифестации<br>-Искуство во соработка со меѓународни и национални невладини организации<br>- Отворена општина за изразување на поддршка за граѓанските организиации и месните заедници за нивни настани и проекти<br>- Една од првите рурални општини која што има изработено Стратегија за справување со климатските промени и програма за енергетска ефикасност | <u>СЛАБИ СТРАНИ</u><br><br>-Лоша инфраструктура<br>-Изразена миграција<br>- Недостаток на финансии<br>-Слаба финансиска моќ на населението<br>-Одлив на кадри<br>-Пад на наталитет<br>-Не едуцираност на населението особено на земјоделците за користење на фондови<br>-Невработеност<br>-Немање на познавања кај населението за здружувањето и бенефитите од истото<br>-Нефункционалност на месните заедници<br>-Недостаток на спортски терени<br>-Непостоење на структурна поддршка и можност за едуцирање на населението<br>-Недостаток на филијали на банки и претставништва на осигурителни компании<br>-Немање на доверба и про-активност кај населението за превземање на заеднички активности |
|---|---|
| <u>МОЖНОСТИ</u><br><br>-Постоење на стратегија за соработка со граѓанскиот сектор на национално ниво (2018-2020)<br>-Законска обврска на секоја општина да издвојува средства од буџетот за развој на ГО<br>- Потреба од развиен граѓански сектор и месни заедници и во делот на ЛЕР<br>- Социјална кохезија и инклузија на младите и жените<br>- Воспоставување на практики за соработка помеѓу општината и заедницата<br>- Воспоставување партнерства со збратимени општини од соседни региони и држави со цел искористување на регионални фондови<br>- Воспоставување на локален – економски совет | <u>ЗАКАНИ</u><br><br>-Продолжено иселување на населените места и појава на изумрени села<br>-Недоволна едукација на населението за секторот<br>-Недоволна достапност на средства за реализација на активности од интерес на заедницата<br>- Недопирање до руралните општини на сите информации кои што се споделуваат на национално ниво |

# 5.Стратегиско планирање

**Визија на општината**

Рурална општина раководена во партнерство со локалната заедница

**Мисија**

Кривогаштани како рурална општина со воспоставена соработка и доверба со локалните граѓански организации и месните заедници, но и со потенцијали за унапредување на истата, се залага за обезбедување позабрзан и рамномерен социо-економски развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население

**Стратешки приоритети, области, цели, мерки, активности**

Согласно презентираните карактеристики во профилот на општина Кривогаштани може да се заклучи дека станува збор за рурална општина која што располага со основни појдовни ресурси за понатамошен развој на соработката со локалната заедница преку локалните граѓански организации, ЛАГ-овите и месните заедници во општината.

## Стратешка област бр. 1: Обезбедување на услуги

1.1. Креирање и одржување на ефикасен и интерен систем за успешна соработка со ГО и месните заедници
1.2. Создавање на локална платформа за граѓански органзиации и месни заедници

Во однос на внатрешните процеси во општина Кривогаштани, идентификуваните силни страни за соработка со граѓанскиот сектор(лесно достапна и не голема површина на општината што дава можност за соработка помеѓу месните заедници, дел од ЛАГ, постоење на посебен сектор за локален економски развој и ПАРТНЕРСТВО, искуство во изработка на проекти, комуникативна и лесно достапна веб страна, поддршка на традиционални спортски и културни манифестации, искуство во соработка со меѓународни и национални невладини организации, отворена општина за изразување на поддршка за граѓанските органзиации и месните заедници за нивни настани и проекти, една од првите рурални општини која што има изработено Стратегија за справување со климатските промени и

програма за енергетска ефикасност) овозможуваат квалитетно поврзување со можностите претставени преку потребата од развиен граѓански сектор, постоењето на стратешките документи и националната законска регулатива, добрата географска положба, стручнитекапацитети на граѓанскиот сектор и можноста за соработка во имплементацијатана националната стратегија за соработка со граѓански сектор. Овие можностисоздаваат одлични предуслови за општината да делегира дел однадлежностите и да ја подобри испораката на услугите кон граѓаните. Истовремено, иако општината можеби не е во централниот дел сепак влегува во пограничната област за соработка со Албанија и Грција, па е можност за полеснапрекугранична соработка и користење на искуството од прекуграничните региони во соседните земји. Стратешкиот приоритет за воспоставување на ефикасен и одржлив интерен систем за соработкаи комуникација со граѓанскиот сектор и месните заедници, исто така, во целост ќе ги отстрани или ќе гиминимизира слабите страни, како што се непостоењето на соодветна организациска структура (сектор или одделение) за соработкасо граѓанскиот сектор и немањето официјални процедури за редовна комуникацијаи вклученост на граѓанскиот сектор. Со дефинирање на стратешкиот приоритет залокална платформа за граѓанските организации и месните заедници ќе се обезбеди транспарентен систем за координација и информирање, како и поддршка на граѓанските организации, па и во некој обем на месните заедници за испорака на услуги и постигнување„статус од јавен интерес“, со што како крајна цел граѓанскиот сектор ќе се вклучи воиспораката на дел од локалните услуги.

## 2.Стратешка област бр. 2: Задоволни граѓани

2.1. Носење на локални политики во соработка со ГО и месни заедници
2.2. Вклучување на младите едуцирани кадри во ГО и месните заедници
2.3. Обезбедување на локални услуги со активно вклучување на ГО и месните заедници

Гледано од аспект на корисниците на услугите, општина Кривогаштани има повеќе силни страни. Отвореноста на општинската администрација и веќе воспоставената добра соработка со граѓанскиот сектор и месните заедници овозможува полесно усогласување на заедничките приоритети и непреченаимплементација на мерките и активностите. Истовремено,

отвореноста за соработка овозможува и лесен пристап на граѓанскиот сектор и месните заедници до информациите од општината, редовни средби со граѓаните и со медиумите,што треба да придонесе за транспарентен процес на стратешкопланирање и имплементација.
Практиката општината да обезбедува логистичка поддршка на граѓанскиот сектор за изработка на проектни апликациии практиката за реализација на заеднички проекти ќе овозможимобилизирање на повеќе финансиски средства за граѓанскиот сектор. Овие силнистрани, во комбинација со развиениот граѓански сектор пред се вообластите рурален развој, култура, едукација, социјала, ги дефинираат стратешките приоритети за партнерството на општината, граѓанскиот сектор и месните заедници во носењето на одлукитеод локално значење, како и за активно вклучување на граѓанскиот сектор во општинските активности и услуги. Воспоставувањето на ова партнерствоќе придонесе и за интензивно вмрежување на локалниот граѓанскиот сектор, вклучувајќи ги тука и месните заедници со оглед на тоа што во руралните општини бројот на граѓанските организации е мал,  но и замотивираноста да се обезбеди и вклученост на бизнис-секторот вопартнерството, со што истовремено се адресираат и детектиранитеслаби страни.
Дополнително, вклучувањето на бизнис-секторот вопартнерството освен што може да обезбеди дополнителни финансиски средства за поддршка на граѓанскиот сектор, ќе влијае и врз зголемувањетона интересот на младите за вклучување во активностите на граѓанскиот сектор и месните заедници, а сотоа ќе се адресира заканата за одлив на млади едуцирани луѓе одопштината. Исто така, активното вклучување на младите и едуцирани кадри во работата на граѓанскиот сектор може да го ублажи влијанието на другите закани, како што се политичкиот притисок на централната врзлокалната власт и формирањето на НВО со политички мотиви, да го овозможи повторното активирање на месните заедници како основна клетка на секоја една општина и да се создаде овозможувачка околина за секој да можеда придонесува во заедницата.

## Стратешка област бр. 3: Развој на капацитетите на општината, ГО и месните заедници

3.1. Системско и континуирано јакнење на капацитетите на локалната администрација и општината
3.2. Зголемување на буџетски, но и вонбуџетските (надворешни) средства за

поддршка на граѓанските организации и месните заедници

За да можат да се реализираат промени и да се адаптираат внатрешнитеорганизациски процеси за обезбедување поквалитетниуслуги, неопходно е да се креира поволна организациска клима заучење и раст, т.е. развој на капацитетите. Посочените силни страни на општина Кривогаштани во оваа смисла се докажаното искуство за реализација на проектите, постоењето на актуелни стратешки или програмски документиво повеќе области,кои во комбинација со активните граѓански организации и месни заедници и практичното искуство од досегашната соработка со граѓанските организации и превземањето на заеднички активности за подобрување на квалитетот на животот во локалните заедници го одредуваат стратешкиот приоритет засистематско јакнење на капацитетите на администрацијата, но и на локалните граѓански организации и месни заедници.
Од друга страна, недоволната запознаеност на општината со начинот на работа и функционирање на граѓанските организации, но и законското ограничување на активностите на месните заедници и нивната неактивност, комбинирани со сериозните закани какошто се недоволната размена на знаења и искуства помеѓу засегнатитестрани на општинско ниво, невклучувањето на администрацијата вопроцесот на креирање на националните политики за соработка со граѓанските организации и растечките социјални тензии, бараат сериозен пристап од страна наопштинската администрација за справување со ваквите потенцијалниризици. Затоа, стратешкиот приоритет за воспоставување на мотивиран тим кој ќе наоѓа нови и иновативни решенија треба да овозможиминимизирање на негативните ефекти од ризиците по оваа перспектива, а истовремено акумулираното знаење и вештините на администрацијата да се искористат за јакнење на капацитетите и на граѓанските организации и активирање на месните заедници.

Прилог 1 - Акциски план за 2019 година и проекции за следните години

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 1 – ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГИ

### Стратешка цел 1.1. Креирање и одржување на ефикасен и интерен систем за успешна соработка со ГО и месните заедници

| | Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - Воспоставување на организациска структура за соработка со ГО и МЗ<br>- Институционализациј а на редовната комуникацијаи полесно вклучување наГО и МЗ<br>- Формализирање на партиципативното планирање<br>- Можности за вмрежување со ГО од другите плански региони, но и погранично со организации од Грција и Албанија | 1.1.1.Воспоставена редовна пракса за соработка со ГО и МЗ во рамките на одделението за локален економски развој<br>1.1.2.Број на државни службеници задолжени за соработка со ГО и МЗ | 2019 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој | / |

### Стратешка цел 1.2. Создавање на локална платформа за граѓански организации и месни заедници

| Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен |
|---|---|---|---|
| - Воспоставена и редовно ажурирана база на податоци за ГО и МЗ и нејзина промоција<br>- Дефинирање на транспарентен систем за координација и информирање<br>- Воспоставување на систем за поддршка на ГО за испорака на услуги и постигнување на “статус од јавен интерес“<br>- Делегирање на услуги од надлежност на општината | 1.2.1.Број на ГО и МЗ активни членки на локалната платформа | 2019-2020 | Локална администрација во општината /одделение за локален економски развој/ГО/МЗ |

# СТРАТЕШКА ОБЛАСТ 2 – ЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ

## Стратешка цел 2.1. Носење на локални политики во соработка со ГО и месни заедници

| Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|
| - Создавање на механизми за институционална соработка помеѓу општината, ГО и МЗ<br>- Вклучување на ГО и МЗ во процесот на креирање на локалните политики | 2.1.1 Однос на прифатени/предложени иницијативи од ГО и МЗ<br>2.1.2 Број на донесени одлуки со учество на ГО и МЗ | 2019-2020 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој/ГО/МЗ | / |

## Стратешка цел 2.2. Вклучување на младите едуцирани кадри во ГО и месните заедници

| Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|
| - Промоција на можностите за преземање на дел од надлежностите од страна на ГО<br>- Дефинирање на критериумите и понудата за испорака на услуги или партципативно учество во давањето на услуги на ГО во општината | 2.2.1 Број на ГО и МЗ вклучени во активности на општината | 2023 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој/ГО | / |

### Стратешка цел 2.3: Обезбедување на локални услуги со активно вклучување на ГО и месните заедници

| Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|
| - Воспоставување на механизми за следење на активностите на ГО и МЗ<br>- Јакнење на свеста кај локалното население за учество во ГО и МЗ<br>- Одредување на форми и начини за заеднички настап пред меѓународни организации и донатори | 2.3.1 Број на активни ГО и МЗ<br>2.3.2. Број на млади членови вклучени во активностите на ГО и МЗ | 2022 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој/ГО | / |

## СТРАТЕШКА ОБЛАСТ БР. 3 – РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА, ГО И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

### Стратешка цел 3.1:Системско и континуирано јакнење на капацитетите на локалната администрација и општината

| Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|
| - Воспоставување на систем за континуирана обука на администрацијата и ГО<br>- Програми за обуки на администрацијата: меѓуопштинска и меѓуинституционална соработка, изработка на проектни апликации, користење на современи ИКТ, комуникациски вештини, организациски промени | 3.1.1 Број на организирани обуки<br>3.1.2 Број на изработени програми | 2023 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој/ГО | / |

## Стратешка цел 3.2: Зголемување на буџетски, но и вонбуџетските (надворешни) средства за поддршка на граѓанските организации и месните заедници

| | Активности | Резултати | Временски рок | Одговорен | Буџет (Евра) |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | - Создавање на поволни административни и други предуслови за привлекување на приватен капитал<br>- Воспоставување на систем за кофинансирање на проекти и активности со бизнис и невладин сектор (ЈПП)<br>- Интензивирање на соработката со странски донатори и фондови во партнерство со ГО<br>- Обезбедување локален фонд за ко – и пред-финанасирање на проекти<br>- Изработка на методологија за одржување, но и зголемување на процентот на општинскиот буџет за финансирање на ГО и МЗ<br>- Дефинирање транспарентни и прецизни критериуми за финансирање на ГО<br>- Мониторинг/евалуација на сработеното од страна на ГО и МЗ со средства од општинскиот буџет | 3.2.1 Износ на небуџетски средства за финансиска поддршка на ГО и МЗ<br>3.2.2. Процент од основниот општински буџет наменет за ГО и МЗ | 2019-2023 | Локална администрација во општината/одделение за локален економски развој/ГО/МЗ | / |